**ВЕШТО ЛИЦЕ:**
**XXXX УУУУ БР.ЛИЦЕНЦА 09-11**
**E-mail: hhhh.uuuu@yahoo.com**

# Наод и Мислење 1

**БАРАТЕЛ: Друштво за геолошки работи ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево**

**Март, 2025**



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

По однос на Барањето за вештачење поднесено од Друштво за геолошки работи ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, поднесено преку полномошник Адвокат Петре Стамболиски, вештото лице XXXX УУУУ со лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење, издадена од Министерство за правда на РМ со број 09-11 од 03.03.2025 година, го дава следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Предмет на ангажирање на вештото лице согласно Барањето е да се изврши економско вештачење на следниве околности:

- Да се утврди висината на направените трошоци од страна на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево за преместување на вагата за мерење на ископана суровина, како и
- Да се утврди изгубената добивка за перидот од 14.01.2024 г. до 31.12.2024 г., а како резултат на започнување со активностите за изградба на експресен пат Кичево - Македонски Брод, кој минува низ населено место Русјаци во општина Пласница.

Согласно барањето, вештачењето е извршено врз основа на извршениот увид во документацијата која што беше обезбедена од страна на барателот на вештачењето, и тоа:

1. Барање и Известување од 11.12.2023 г.(доставено од ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево до БАРБАРОС ДОО Прилеп на ден 11.12.2023 под арх.бр.03-0302/209);
2. Одговор на „Барање и Известување“ со број 03-302/209 од ден 11.12.2023 г. (доставено од БАРБАРОС ДОО Прилеп до ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево на ден 13.12.2023 под арх.бр.0302/776/ГРА);
3. Барање за превемање на задолжителнни активности за ослободување на патот со цел продолжување на изградба (доставено од БАРБАРОС ДОО Прилеп до ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево на ден 28.02.2024 под арх.бр.0302/92/ГРА);
4. Барање за превземање на задолжителни активности за повторно ослободување на патот (доставено од БАРБАРОС ДОО Прилеп до ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево на ден 21.05.2024 под арх.бр.0302/251/ГРА);
5. Барање за достава на доказ за воспоставена концесија врз недвижен имот во сопственост на Република Северна Македонија, со цел понатамошно постапување (доставено од БАРБАРОС ДОО Прилеп до ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево на ден 27.05.2024 под арх.бр.0302/262/ГРА);
6. Барање за инструкција за постапување во однос на правото на концесија на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево (доставено од БАРБАРОС ДОО Прилеп до надзор ТИМ ЛИДЕР на ден 29.05.2024 под арх.бр.0302/269/ГРА);
7. Известување по Ваш допис од 28.05.2024 г. (доставено од БАРБАРОС ДОО Прилеп до ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево на ден 04.06.2024 под арх.бр.0302/286/ГРА);
8. Одлука за намалување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Русјаци“ Општина Пласница на Друштвото за геолошки работи ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево од 31.12.2024 г., објавена во Сл.Весник на РСМ 09.01.2025 г.;
9. Фактура бр.01817-01-2024 г. од 01.11.2024 г. на ДПТУ МЕРАМАК ДОО Скопје до ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, на износ од 79.089,00 денари со опис на ф-ра Демонтажа и монтажа на мерни инструменти од вага, Кабел за мерни инструменти LIYCY 4x0,5,



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Анкерни плочи за мерни инструменти:

10. Фактура бр.01998-01-2024 г. од 15.11.2024 г. на ДПТУ МЕРАМАК ДОО Скопје до ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, на износ од 58.000,00 денари со опис на ф-ра Верификација на електронска колска вага од 30Т до 50Т, со прилог Потврда за извршени услуги на мерила од 05.11.2024 г.;
11. Аналитичка сметководствена картица на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево за конто 220 Обврски спрема добавувачи во земјата, за комитент 00175 МЕРАМАК за период 01.01.2024 – 31.12.2024 г. и 01.01.2025-31.12.2025;
12. Прва и Завршна времена ситуација од Ноември 2024 г., испорачана од ДГКУ ДЕЈКОН ДООЕЛ Тетово на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево (арх.бр.0504-59 од 02.12.2024 г.) на износ од 2.019.550,00 денари, за градење на Мерна вага и Портирница, локација Каменолом – Русјаци, Пласница, со прилог Градежна книга,
13. Аналитичка сметководствена картица на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево за конто 220 Обврски спрема добавувачи во земјата, за комитент 0001340 ДЕЈКОН за период 01.01.2024 – 31.12.2024 г.и 01.01.2025 – 31.12.2025 г.;
14. Тековна состојба на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево од 15.01.2025 г.,
15. Картица на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево промет по комитенти за конто 1200 Побарување од купувачи, за период 14.01.2024 г. до 31.12.2024 г.,
16. Лагер листа на трошковно место за период 11.02.2020-14.01.2021 г. на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево;
17. Лагер листа на трошковно место за период 14.01.2024-31.12.2024 г. на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево;
18. Продажни цени по артикли за период 14.01.2024-31.12.2024 г. на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево;
19. Материјални картици по артикли за период на 14.01.2024 – 31.12.2024 г. на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево;

## ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

1. Друштвото за геолошки работи ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево со Министерството за економија има склучено Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Русјаци“, општина Пласница бр.24-5711/1 од 13.11.2014 година. За предметната концесија Владата на Република Северна Македонија има донесено Одлука за едностран раскин на Договорот за концесија бр.45-9254/1 од 03.12.2019 година. Оваа одлука е поништена со Пресуда ТС 1 ТС 1 бр.6/22 од 13.04.2023 година, донесена од Основниот суд во Кичево, а првостепената Пресуда е потврдена и конечна со Пресуда ТСЖ-704/23 од 12.01.2024 година, донесена од Апелациониот суд во Гостивар. За време на судската постапка пред првостепениот суд, издадено е Решение У-6 бр.279/20 од 03.02.2020 година, со кое се дозволува времена мерка, ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево да продолжи со експлоатација на минералната суровина на концесијата. Согласно Законот за минерални суровини и Дозволата за експлоатација, ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево како концесионер е должен непречено да врши експлоатација на минералната суровина варовник, по доделената концесија, а согласно одобрениот Главен рударски проект, Договорот за концесија и Дозволата за експлоатација.

На просторот на кој е доделена концесијата за експлоатација, Јавното претпријатие за државни патишта има започнато со изградба на експресен пат Кичево - Македонски Брод, кој минува низ населено место Русјаци во општина Пласница, кој просторот на концесијата го има поделено на два дела. Со ваквата поделба експлоатационото поле на кое е издадена Дозволата за експлоатација е на едната страна од патот, а вагата за мерење на ископаната суровина е на другата



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

страна од патот. Ваквата поставеност на патот го оневозможува редовното работење со концесијата и исполнување на законските и договорни обврски за мерење на суровината по ископ.

Воедно, согласно членот 75 од Законот за минерални суровини, ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево плаќа годишен надоместок за користење на просторот определен во Договорот за концесија, а со ваквата поставеност на патот, просторот по целиот дел по патот е неупотреблив.

Со оглед на сето горенаведено, а следејќи ја законската одредба во членот 29-б од Законот за минерални суровини, по барање на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, Јавното претпријатие за државни патишта, како носител на одобрението за градба на предметниот експресен пат, започнало постапка за намалување на концесијата за експлоатација заради вршење на работи од јавен интерес, пред Министерството за економија. По спроведување на постапката, Владата има донесено Одлука за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Русјаци“ Општина Пласница на Друштвото за геолошки работи ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево (бр. 41-8672/7 од 31.12.2024 година), објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.5/25 од 09.01.2025 г.

Имајќи во предвид дека согласно одредбите од Законот за минерални суровини, целокупната рудничка инфраструктура и рудничките објекти треба да претставуваат една целина во концесиското поле на кое е доделена концесијата за експлоатација, ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево со Барање и Известување од 11.12.2023 г. (доставено од ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево до БАРБАРОС ДОО Прилеп , како Изведувач на работите на патот, како и до Надзорот) има побарано да се превземат дејствија за преместување на колската вага и објект куќарка кои се во сопственост на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, од другата страна на патот, односно во делот кој ќе припаѓа на концесиското поле по спроведената постапка за намалување на концесијата, со цел концесионерот нормално и непречено да продолжи со деловните активности.

На вештото лице му се приложени повеќе дописи (помеѓу ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево до БАРБАРОС ДОО Прилеп , како Изведувач на работите на патот, како и Надзорот ТИМ ЛИДЕР), но од Известување (доставено од БАРБАРОС ДОО Прилеп до ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево на ден 04.06.2024 под арх.бр.0302/286/ГРА) се утврдува дека од ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево како концесионер, се бара самиот да изврши дислокација на колската вага и објект куќарка.

2. ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево има пристапено кон дислокација на колската вага и објект куќарка. За изведување на градежните работи за објект Мерна вага и Портирница, локација Каменолом – Русјаци, Пласница е ангажирано Друштвото за гредежништво, консалтинг и услуги ДЕЈКОН ДООЕЛ Тетово, додека за демонтажа, монтажа и верификација на електронската колска вага е ангажиран ДПТУ МЕРАМАК ДОО Скопје .

Видно од Градежната книга изготвена од Изведувачот ДЕЈКОН ДООЕЛ Тетово, потпишана од Надзорен орган, градежните работи се изведувани во месец Октомври 2024 г. Од страна на Изведувачот ДЕЈКОН ДООЕЛ Тетово на име на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево е изготвена Прва и Завршна времена ситуација од Ноември 2024 г., испорачана од ДГКУ ДЕЈКОН ДООЕЛ Тетово на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево (арх.бр.0504-59 од 02.12.2024 г.) **на износ од 2.019.550,00 денари**, за градење на Мерна вага и Портирница, локација Каменолом – Русјаци, Пласница. Ситуацијата е евидентирана во сметководството на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево , видно од Аналитичка сметководствена картица на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево за конто 220 Обврски спрема добавувачи во земјата, за комитент 0001340 ДЕЈКОН за период 01.01.2024 – 31.12.2024 г. и истата е целосна исплатена од страна на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево и тоа со трикратна компензација на ден 31.12.2024 г. во износ од 1.962.304,00 денари (ДЕЈКОН Тетово, Стража Инженеринг Кичево и Геолог Кичево), како и преку уплата во износ од 57.246,00 денари на ден 24.03.2025 г. (извод бр.17).

За демонтажа, монтажа и верификација на електронската колска вага ДПТУ МЕРАМАК ДОО Скопје до ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево има изготвено и доставено две фактури **во севкупен**



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

**износ од 137.089,00 денари** со ДДВ и тоа:

- Фактура бр.01817-01-2024 г. од 01.11.2024 г. на ДПТУ МЕРАМАК ДОО Скопје до ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, на износ од 79.089,00 денари со опис на ф-ра Демонтажа и монтажа на мерни инструменти од вага, Кабел за мерни инструменти LIYCY 4x0,5, Анкерни плочи за мерни инструменти, и
- Фактура бр.01998-01-2024 г. од 15.11.2024 г. на ДПТУ МЕРАМАК ДОО Скопје до ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, на износ од 58.000,00 денари со опис на ф-ра Верификација на електронска колска вага од 30Т до 50Т, со прилог Потврда за извршени услуги на мерила од 05.11.2024 г.;

Фактурите се евидентирани во сметководството на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево , видно од Аналитичка сметководствена картица на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево за конто 220 Обврски спрема добавувачи во земјата, за комитент 00175 МЕРАМАК за период 01.01.2024 – 31.12.2024 г. и истите се целосно платени од страна на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево и тоа во износ од 58.000,00 денари на ден 14.02.2025 г., како и во износ од 79.089,00 денари на ден 21.03.2025 г.

3. Со започнувањето на изградбата на патот, бидејќи дел од рудничката инфраструктура колската вага и објект куќарка, останале од другата страна на патот, несомнено е дека истото имало влијание на нормалното и непречено одвивање на деловните активности на Концесионерот, што се одразува на неговата намалена експлоатација, а со тоа и на намалената профитабилност. Вештото лице изврши увид во: Картица на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево промет по комитенти за конто 1200 Побарување од купувачи, за период 14.01.2024 г. до 31.12.2024 г., Лагер листа на трошковно место за период 11.02.2020-14.01.2021 г. на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, Лагер листа на трошковно место за период 14.01.2024-31.12.2024 г. на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, Продажни цени по артикли за период 14.01.2024-31.12.2024 г. на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, Материјални картици по артикли за период на 14.01.2024 – 31.12.2024 г. на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, при што по извршената споредбена анализа на сметководствените финансиски показатели, се утврдува дека во периодот 14.01.2024 – 31.12.2024 г. Друштвото има намалена деловна активност, во споредба со периодот 11.02.2020 – 14.01.2021 г., согледана преку намалената експлоатација и продажби кај поголем дел од артиклите, како што може да се согледа од следниот табеларен преглед:

| Ред.бр. | Опис на производ | Количина (t) за период од 11 месеци (20 г.) | Просечна месечна количина (20 г) | Количина (t) за период од 11,5 месеци (24 г.) | Просечна месечна количина (24 г) | Разлика количина (t) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **2** | **3 = 2 / 11** | **4** | **5 = 4 / 11,5** | **6 = 3 - 5** |
| 1 | ризла 0-4 | 40.770,00 | 3.706,36 | 26.220,00 | 2.280,00 | 1.426,36 |
| 2 | ризла 4-8 | 16.582,00 | 1.507,45 | 7.477,00 | 650,17 | 857,28 |
| 3 | ризла 16-32 | 7.200,00 | 654,55 | 0,00 | 0,00 | 654,55 |
| 4 | ризла 8-11 | 10.086,00 | 916,91 | 2.138,00 | 185,91 | 731,00 |
| 5 | ризла 16-22 | 6.068,00 | 551,64 | 2.332,00 | 202,78 | 348,85 |
| 6 | ризла 22-32 | 1.630,00 | 148,18 | 1.135,00 | 98,70 | 49,49 |
| 7 | иберлаф | 11.600,00 | 1.054,55 | 1.924,00 | 167,30 | 887,24 |

Ако се земе предвид цената на чинење, како и продажната цена по производи, се утврдува намалена добивка во износ од 194.787,96 денари, како што е прикажана по артикли во следнава табела:

| Ред.бр. | Опис на производ | Разлика количина (t) | Единечна цена на чинење | Единечна продажна цена | Цена на чинење | Продажна вредност | Добивка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1** | **6 = 3 - 5** | **7** | **8** | **9 = 6 x 7** | 10 = 6 x 8 | 11 = 10 - 9 |
| 1 | ризла 0-4 | 1.426,36 | 356,89 | 380,00 | 509.054,92 | 542.018,18 | 32.963,26 |



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | ризла 4-8 | 857,28 | 330,22 | 350,00 | 283.091,21 | 300.048,22 | 16.957,01 |
| 3 | ризла 16-32 | 654,55 | 214,40 | 300,00 | 140.334,55 | 196.363,64 | 56.029,09 |
| 4 | ризла 8-11 | 731,00 | 345,63 | 350,00 | 252.654,16 | 255.848,62 | 3.194,45 |
| 5 | ризла 16-22 | 348,85 | 214,40 | 330,00 | 74.794,25 | 115.121,74 | 40.327,49 |
| 6 | ризла 22-32 | 49,49 | 320,71 | 340,00 | 15.870,71 | 16.825,30 | 954,59 |
| 7 | иберлаф | 887,24 | 200,00 | 250,00 | 177.448,22 | 221.810,28 | 44.362,06 |
| | | | | **Вкупно** | **1.453.248,01** | **1.648.035,97** | **194.787,96** |

Врз основа на утврдената фактичка состојба го давам следното:

**М И С Л Е Њ Е**

По однос на Барањето за економско вештачење поднесено од Друштво за геолошки работи ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево, преку полномошник Адвокат Петре Стамболиски, на следниве околности:

1) *Да се утврди висината на направените трошоци од страна на ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево за преместување на вагата за мерење на ископана суровина.*

Друштвото за геолошки работи ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево со Министерството за економија има склучено Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Русјаци", општина Пласница бр.24-5711/1 од 13.11.2014 година. На просторот на кој е доделена концесијата за експлоатација, Јавното претпријатие за државни патишта има започнато со изградба на експресен пат Кичево - Македонски Брод, кој минува низ населено место Русјаци во општина Пласница, кој просторот на концесијата го има поделено на два дела. Со ваквата поделба експлоатационото поле на кое е издадена Дозволата за експлоатација е на едната страна од патот, а вагата за мерење на ископаната суровина е на другата страна од патот. Ваквата поставеност на патот го оневозможува редовното работење со концесијата и исполнување на законските и договорни обврски за мерење на суровината по ископ.

На вештото лице му се приложени повеќе дописи (помеѓу ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево до БАРБАРОС ДОО Прилеп , како Изведувач на работите на патот, како и Надзорот ТИМ ЛИДЕР), но од Известување (доставено од БАРБАРОС ДОО Прилеп до ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево на ден 04.06.2024 под арх.бр.0302/286/ГРА) се утврдува дека од ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево како концесионер, се бара самиот да изврши дислокација на колската вага и објект куќарка.

ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево самиот има пристапено кон дислокација на колската вага и објект куќарка, **за што има направено трошоци во севкупен нето износ од 2.135.727,00 денари** при што:

- за изведување на градежните работи за објект Мерна вага и Портирница, локација Каменолом – Русјаци, Пласница е ангажирано Друштвото за гредежништво, консалтинг и услуги ДЕЈКОН ДООЕЛ Тетово, од каде е примена Прва и Завршна времена ситуација од Ноември 2024 г., испорачана од ДГКУ ДЕЈКОН ДООЕЛ Тетово на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево (арх.бр.0504-59 од 02.12.2024 г.) на износ од 2.019.550,00 денари, и истата е целосна исплатена од страна на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево
- за демонтажа, монтажа и верификација на електронската колска вага е ангажиран ДПТУ МЕРАМАК ДОО Скопје , кој што има изготвено и доставено две фактури во севкупен нето износ од 116.177,00 денари без ДДВ (Фактура бр.01817-01-2024 г. од



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

01.11.2024 г., на износ од 79.089,00 денари со ДДВ и Фактура бр.01998-01-2024 г. од 15.11.2024 г. на износ од 58.000,00 денари со ДДВ), и истите се целосно исплатени од страна на ДГР ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево.

2) *Да се утврди изгубената добивка за перидот од 14.01.2024 г. до 31.12.2024 г., а како резултат на започнување со активностите за изградба на предметниот пат*

Со започнувањето на изградбата на патот, бидејќи дел од рудничката инфраструктура колската вага и објект куќарка, останале од другата страна на патот, несомнено е дека истото имало влијание на нормалното и непречено одвивање на деловните активности на Концесионерот ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево , што се одразува на неговата намалена експлоатација, а со тоа и на намалената профитабилност.

Со извршената споредбена анализа на сметководствените финансиски показатели, се утврдува дека во периодот 14.01.2024 – 31.12.2024 г. Друштвото ГЕОЛОГ ДООЕЛ Кичево има намалена деловна активност, во споредба со периодот 11.02.2020 – 14.01.2021 г., согледана преку намалената експлоатација и продажби кај поголем дел од артиклите, **што резултирало со намалена добивка во износ од 194.780,00 денари**, прикажана по артикли погоре во фактичката состојба од вештачењето.

Март, 2025 година

Вешто лице,

XXXX УУУУ Бр.лиценца 09-11



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.